ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
на кварталните извештаи на Буџетот на Општина Виница
за период од 01.01.2024-30.09.2024

Во **кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Виница**, е искажана реализацијата на приходите и расходите заклучно со 30.09.2024 година .

Вкупните приходи на Буџетот на Општина Виница кои се реализирани до крајот на овој квартал изнесуваат 295.096.537,00 денари или 77,33% од вкупно планираните приходи во износ од 381.603.000 денари.Во вкупно реализираните приходи, пренесениот вишок на приходи од претходната година изнесува 14.817.100 денари.

Приходите на Основниот буџет се остварени во износ од 93.585.100 ,00 денари или 81,00% % во однос на планираните 115.539.000 денари.Од нив даночните приходи се остварени во износ од 50.049.534,00 денари или 99,16%, неданочните приходи се остварени во износ од 1.700.372,00 или 75,74 %, трансферите се остварени во износ од 37.362.623,00 или 70,42% (во овој износ влегува пренесениот вишок на приходи од претходната година во износ од 4.880.172,00 денари) и капиталните приходи се остварени во износ од 4.472.571,00 ден. или 45,79 % во однос на планираните .

Приходите од дотации се остварени во износ од 189.946.324,00 ден. или 76,43 %, приходите од самофинансирачките активности се остварени во износ од 9.050.823,00 денари или 72,92% , и приходите од донации се остварени во износ од 2.514.290,00 денари или 48,88 % во однос на планираните и тоа:1.562.569 ден.од Прекугранична соработка со Бугарија, 305.900 денари од проектот Промовирање на добро владеење и зајакнување на Ромите на локално ново, 412.500 денари од проектот Општинско корисна работа и 233.319 денари од проект Еразмус на Детска градинка „Гоце Делчев“ Виница.

Вкупните расходи на Буџетот се остварени во износ од 274.534.126,00 денари или 71,94% во однос на планираните.

Расходите на основниот буџет се остварени во износ од 87.972.244,00 денари или 76,14% од планираните расходи, дотациите се остварени во износ од 177.313.968 денари или 71,35%, самофинансирачките активности се остварени во износ од 8.477.656,00 денари или 68,30 % од планираното и донациите се остварени во износ од 770.258 денари или 14,97% .

Тековно оперативните расходи на вкупниот буџет се остварени во износ од 252.060.654,00 денари, што претставува остварување од 72,86 % во однос на планираните тековно оперативни расходи или 66,05% од вкупно планираните расходи во буџетот.

Од вкупните тековно оперативни расходи во :

- основниот буџет се реализирани 67.139.528 ден.
- наменска дотација се реализирани 175.979.802 ден.
- самофинансирачки активности се реализирани 8.171.066 денари и
- донациите се реализирани 770.258 ден.

Капиталните расходи се остварени во износ од 22.473.472,00 денари, што претставува остварување од 63,06% во однос на планираните капитални расходи или 5,89% од вкупно планираните расходи во буџетот.

Од вкупните капитални расходи во:

- основниот буџет се реализирани 20.832.716 ден.
- наменска дотација се реализирани 1.334.166 ден. и
- самофинансирачки активности се реализирани 306.590 ден.

Во **кварталниот извештај за доспеани ненамирени обврски** заклучно со 30.09.2024 година се искажани доспеаните а неплатени обврски на Општина Виница во износ од 37.853.718,00 ден. Во овој износ влегуват и неисплатените надоместоци на советниците во износ од 832.699 денари, позајмицата од Републичкиот буџет (5.360.000денари и камата

544.709 денари) а останатите се обврски спрема добавувачи. Недоспеаните обврски кои не влегуваат во овој извештај изнесуваат 8.315.830,00 денари .

Во **кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување** на општините и јавните претпријатија (КЗ), прикажано е задолжувањето само на Општина Виница и тоа по:

- Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии на РМ за заем од Светска банка за проект „Подобрување на општинските услуги“ т.е. за „Набавка на две специјални возила за собирање на комунален отпад“ во износ од 8.708.400,00 ден. за кого се повлечени средствата во вкупниот износ и исплатени на добавувачот.Во овој квартал општината имаше обврска за плаќање на главнина во износ од 435.420 денари и камата во износ од 28.859 денари.Главнината и каматата се исплатени па долгот на крајот на кварталот изнесува 870.840,00 ден. и

- Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии на РМ за заем од Светска банка за проект „Подобрување на општинските услуги“ т.е. за „Изградба на улица „2008“ блок 12“ и за „Изградба на атмосферска канализација на улица „Браќа Миладинови“ и улица „Илинденска “ во износ од 43.606.046,00 ден. Во овој квартал општината имаше обврска за плаќање на главнина во износ од 2.180.303 денари и камата во износ од 192.675 денари.Главнината е платена во целост а каматата е платена во износ од 149.008 денари. Долгот на крајот на кварталот изнесува 6.540.895,00 ден. и 43.667,00 денари обврска за камата.

Јавните претпријатија основани од општината немаат земено кредити.